This programme is funded by the European Union

JAC МОЖАМ • ME SHAJ • I CAN !

**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

(за хотелски услуги)

28.05.2019

Почитувани,

Здружение Национален ромски центар од Куманово објавува „Барање за прибирање на понуди“ повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**

1.1. Набавувач на услуги Здружение „Национален ромски центар“ од Куманово, со седиште на ул. Доне Божинов бр. 11/1, Куманово.

1.2. Предмет на барањето: **Прибирање понуди за хотелски услуги.**

1.3.Здружение „Национален ромски центар“ (НРЦ) го спроведува проектот „Поддршка за жените Ромки, жртви на семејно насилство“ со поддршка од UN Women и заради остварување на планираните проектни активности јавно го објавува ова барање до сите регистрирани правни субјекти во државата заради набавка на понуди.

1.4. Набавката на ова Барање не е делива. Изборот ќе се направи согласно најдобриот финансиски и интерес за квалитет на барателот.

**2. Понуда**

2.1. Планирано е да се одржи летен камп за ромски девојки. Услугата ќе треба да биде обезбедена согласно Договорот кој ќе биде склучен помеѓу набавувачот и добавувачот, по изборот на понудата. Услугата треба да се испорача во периодот од 02.07 до 06.07.2019, за вкупно 14 учесници.

Вашата понуда би требало да ги вклучува следните податоци:

- Хотелско сместување (7 двокреветни соби со појадок, ручек и вечера) за 14 учесници за 5 ноќевања, пристигнување на 02.07.2019 година (почнување со ручек) и заминување на 07.07.2019 година (по појадокот);
- Сала и 2 кафе паузи дневно за 14 учесници.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Цена
- Квалитет на понудените услуги
- Долговремено и потврдено искуство во областа

Цената носи 70, квалитетот 20 бодови, додека искуството во областа носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ќе добие најмногу поени.

**4. Облик и содржина на понудата:**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик.

4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, телефонски број, е-маил, адреса за контакт како и лица за контакт.

4. 3. Карактеристики на понудата.

4.5. Рок и начинот на испорака на услугите.

4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари со вклучен ДДВ.

4.7.Рок и начин на плаќање.

**Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следната адреса curcinska@nationalromacentrum.org или лично да ги доставите во архивата на НРЦ на адреса на ул. Доне Божинов бр. 11/5 Куманово, во период од 28.05.2019 до 07.06.2019 година до 16 часот.**

Куманово 28.05.2019